# EMOTIONS OF STUDENTS DURING PRIMARY SCHOOL LESSONS

**Lidija Kamceva - Panova**
Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, lidija.panova@ugd.edu.mk
**Slavica Nedelkova**
PMS „Goce Delchev"- Shtip, North Macedonia, slavica.nedelkova@gmail.com
**Emilija Petrova**
PMS „Goce Delchev"- Shtip, North Macedonia, emilijapetrova27@yahoo.com

**Abstract:** It is difficult to define emotions, to express a definition of what they represent, despite the fact that they are the most important factors for our actions. They are part of the educational process to which, recently, very little attention has been paid because educational goals and tasks that students should achieve are increasingly emphasized in the foreground, neglecting educational goals and of course the reactions and feelings of students. The way classes are conducted also largely influences students' emotions and, of course, teachers' behavior during classes.
The emotions of elementary school students are greatly influenced by the school's emotional climate, which can be pleasant or unpleasant. School climate strongly influences the development of positive or negative emotions in students. Why research students' emotions during instruction? Because they affect: teaching, the end result of students who strive to complete the school year as successfully as possible, their behavior, and the learning process.
The purpose of this paper is to examine the feelings of students from grade 5 (classroom teaching) and grades 6 and 9 (subject teaching) during classes and how they behave. A total of 203 students participated in the research, of which: 75 students from grade 5 (as the last grade in class teaching), 74 students from grade 6 (initial grade in subject teaching) and 54 students from grade 9 (as the final grade in primary school) from the Primary School "Goce Delchev" - Shtip. Of these, 108 were girls and 95 were boys. The research used an anonymous survey questionnaire consisting of items describing the feelings of the students during classes.
The results obtained through the research are that students in 6th grade have feelings of fear and sadness during classes, while students in 9th grade are expected to be impatient, tired and bored. Students in 5th grade are expected to be surprised, satisfied and happy during class teaching.
Students' emotions contribute to good or poor learning outcomes as well as student behavior. They need to be researched and more attention paid to them in order to avoid negative student behavior. Teachers are the ones who need to find ways to encourage positive emotional reactions in students.
**Keywords:** emotions, behavior, students, teaching, lessons

# ЕМОЦИИТЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЧАСОВИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Лидија Камчева – Панова**
Филолошки факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип, Република Северна Македонија, lidija.panova@ugd.edu.mk
**Славица Неделкова**
ООУ „Гоце Делчев" – Штип, Република Северна Македонија, slavica.nedelkova@gmail.com
**Емилија Петрова**
ООУ „Гоце Делчев" – Штип, Република Северна Македонија, emilijapetrova27@yahoo.com

**Резиме:**Тешко можеме да ги дефинираме емоциите, да искажеме дефиниција што претставуваат тие и покрај тоа што се највbooжни фактори за нашето дејствување. Тие се дел од воспитно – образовниот процес на кои, во последно време, многу малку се посветува внимание бидејќи сè почество на преден план се истакнуваат образовните цели и задачи кои треба да ги постигнат учениците занемарувајќи ги воспитните цели и секако реакциите и чувствата кај учениците. Начинот на изведување на наставните часови, исто така, во голем дел влијаат на емоциите на учениците и секако однесувањето на наставниците за време на часовите.
За емоциите на учениците во основното училиште многу влијание има и училишната емоционална клима, која може да биде пријатна или непријатна. Училишната клима силно влијае на развојот на позитивни или негативни емоции кај учениците. Зошто да се истражуваат емоциите кај учениците за време на наставата?

Затоа што влијаат на: наставата, на крајниот резултат кај учениците кои тежнеат што поуспешно да ја завршат учебната година, на нивното однесување и на процесот на учење.
Целта на овој труд е да се испитаат чувствата на учениците од 5 одделение (одделенска настава) и 6 и 9 одделение (предметна настава) за време на часовите и како тие се однесуваат.
Во истражувањето учествуваа вкупно 203 ученици од кои: 75 ученици од 5 одделение (како последно одделение во одделенска настава), 74 ученика од 6 одделение (почетно одделение во предметна настава) и 54 ученици од 9 одделение (како завршно одделение во основно училиште) од ООУ „Гоце Делчев“ – Штип. Од нив 108 девојчиња и 95 момчиња. Во истражувањето е користен анонимен анкетен прашалник кој се состои од ајтеми кои ги опишуваат чувствата на учениците за време на часовите.
Резултатите кои се добија преку истражувањата се дека учениците за време на часовите во 6 одделение имаат чувство на страв и тага, додека кај учениците од 9 одделенија се очекува да бидат нетрпеливи, уморни и да чувствуваат досада. Кај учениците од петтите одделенија во одделенска настава се очекува да бидат изненадени, задоволни и радосни.
Емоциите кај учениците допринесуваат за добрите или слабите резултати во учењето како и за однесувањето на учениците. Тие треба да се истражуваат и да се обрати поголемо внимание на истите сè со цел да се избегнат негативните однесувања на учениците. Наставниците се тие што треба да најдат начин да ги поттикнуваат позитивните емоционални реакции кај учениците.
**Клучни зборови:** емоции, однесување, ученици

## 1. ВОВЕД
Тешко можеме да ги дефинираме емоциите, да искажеме дефиниција што претставуваат тие и покрај тоа што се најважни фактори за нашето дејствување. Тоа се всушност нашите реакции на одредени случувања, настани и активности. Тие се јавуваат со нашето раѓање и го збогатуваат нашиот живот. Поради ова треба да ги развиваме, негуваме и правилно насочуваме.

## 2. ТЕОРЕТСКА РАЗРАБОТКА
Самиот поим емоција (доаѓа од латинскиот глагол „movere“ – да се движи), на англиски emotion („motion“ – движи).
Постојат неколку дефиниции за тоа што се емоциите. Ние ќе издвоиме една според која емоцијата е предизвикана од свесно или несвесно вреднување на некој настан и дека емоцијата се чувствува како позитивна кога целта е постигната, а како негативна кога целта не е постигната“ (Oatley i Jenkins, 2003, 96).
Бидејќи во овој труд се задржуваме на емоциите кај учениците за време на наставата ќе ја наведеме дефиницјата на Колак и Мајцен, кои истакнуваат дека емоционалната реакција на учениците вклучуваат академски емоции, „емоции поврзани со наставната атмосфера, личноста на наставникот и неговиот однос со учениците, општата емоционална состојба на учениците, многу други фактори, како и нивната меѓусебна интеракција“ (Kolak i Majcen, 2011, 342).
Училиштето преставува средина во која секојдневно се случуваат емоционални рекации од страна на учениците предизвикани од некој објект, субјект, настан или однос и кои можат да бидат позитивни или негативни.
Уште пред 2000 години, Платон истакнува дека секое учење има своја емоционална база, а Песталоци истакнува дека наставата и наставниот процес треба да бидат единство на главата, срцето и рацете.
Присутните емоции во текот на наставата, всушност ја прават емоционалната клима во училиштето. Емоционална клима е целокупната емоционална состојба на учесниците во образовниот процес, која се манифестира како чувство на задоволство или непријатност при што позитивните емоции и поволната емоционална клима позитивно влијаат на целокупниот воспитно – образовен процес, а неповолната клима и непријатните емоции сметаат на воспитно – образовниот процес.
Од сите човечки емоции, денес зборуваме за седум основни или примарни емоции кои служат за преживување (овие се потврдени и од истражувањето на Екман од шеесетите години), а тие се: страв, лутина, тага, одвратност, изненадување, радост и презир и кои се важни за личниот и колективниот опстанок.
Постојат и „останати“ емоции кои настануваат од примарните, но се стекнуваат по пат на учење и различни животни ситуации и се нарекуваат секундарни и социјални емоции (Chabot и Chabot, 2009). Такви се на пример: срам, каење, депресија, недостиг, срдечност, задоволство, ентузијазам, љубов, фрустрација, несигурност.
Во воспитно – образовниот контекст емоциите можеме да ги поделиме на: емоционални рекации кон субјекти (ученици, наставници, директор) и емоционални реакции кои се јавуваат помеѓу субјектите (Kolak, 2013, 139).

***Табела 1. Секундарни и социјални емоции во училиштето***

| Предизвикувачи | Емоција | Однесување |
|---|---|---|
| Непријатност од училишниот систем (закана) | Несигурност (страв) | Напуштање (бегство) |
| Потешкотии со некој предмет (пречка) | Фрустрација (лутина) | Критика на системот (напад) |
| Неуспех (загуба) | Измама (тага) | Недостаток на мотивација (повлекување) |
| Приговор и презир (аверзивна ситуација) | Понижување (одвратност) | Оддалечување (одбивање) |
| Негативни повратни информации од наставниците | презир | Непристоен одговор од ученик (конфронтација) |
| Неочекуван резултат (неочекуваност) | Зачуденост (изненадување) | Иритација (насочување) |
| Успех и охрабрување (пожелна ситуација) | Ентузијазам (радост) | Мотивација, интерес (приближување) |

Напомена: Преземена од Емоционална педагогија (стр.41), D. Chabot и M. Chabot, 2009, Educa

Chabot и Chabot (2009) сметаат дека емоционалната педагогија е важна за наставниците за поголема нивна умешност и поттикнување на позитивните емоции во однос на она што се учи, но и во однос на меѓусебните врски на сите учесници во воспитно – образовниот процес.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на овој труд е да се испитаат чувствата на учениците од 5 одделение (одделенска настава), 6 и 9 одделение (предметна настава) за време на часовите и како тие се однесуваат.

**Популација и примерок**

Во истражувањето учествуваа вкупно 203 ученици од кои: 75 ученици од 5 одделение (како последно одделение во одделенска настава), 74 ученика од 6 одделение (почетно одделение во предметна настава) и 54 ученици од 9 одделение (како завршно одделение во основно училиште) од ООУ „Гоце Делчев“ – Штип. Од нив 108 девојчиња и 95 момчиња.

**Инструменти и техники на истражувањето**

Во истражувањето е користен анонимен анкетен прашалник кој се состои од ајтеми кои ги опишуваат чувствата на учениците за време на часовите, сврстени во 6 категории по три описи. Учениците ги одговараа прашалниците на скала со 4 тврдења кои се рангирани:1 никогаш, 2 ретко, 3 често и 4 постојано).

Шесте категории се страв со емоции: исплашен, загрижен,несигурен; гнев – вознемирен, раздразлив, нетрпелив; тага – разочаран, обесхрабрен, тажен; презир – уморен, недоверлив, дасодно; изненадување-вчудоневиден, изненаден, импресиониран; радост – задоволен, среќен, самоуверен.

Во вториот дел од истражувањето се користеше квалитативната техника - фокусирано набљудување. Со фокусираното набљудување ги следевме реакциите и однесувањето на учениците за време на часовите. Податоците добиени со техника на фокусирано набљудување, се презентирани на начин карактеристичен за квалитативна обработка при што се користи наративен стил и вербална дескрипција на одделните сегменти на испитуваната појава.

Беа опфатени 9 одделнија (4 одделенија од шесто и 5 одделенија од деветто) за време на часот на одделенската заедница (по еден час) и за време на часовите по предмети по случаен избор (по еден час). Набљудувањето се вршеше во 6 и 9 одделение во предметна настава.

Во одделенска настава во петтите одделенија, набљудувањето се одвиваше во понеделник на првиот час и по еден час во текот на една седмица по случаен избор. Беа набљудувани 4 одделенија.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од одговорите на учениците на анкетниот прашалник од ајтеми кои ги опишуваат чувствата на учениците за време на часовите се прикажани во графиконите: 1, 2, 3, 4, 5 и 6 (за учениците од 5 одделение).

***Графикон 1.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 2.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 3.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 4***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 5.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон : 6***




Извор: Истражување на авторите

Ова ни покажува дека кај учениците од 5 одделение (вкупно 75), 60% никогаш не се исплашени, 52% не се загрижени и 62.7% никогаш не се несигурни (графикон 1); никогаш не се вознемирени (53.3%), не се раздразливи (48%) и не се нетрпеливи (37.3%); не постои разочараност (68%), не се обесхрабрени (70.7%) и не се тажни (65.3%); често се уморни (64%), дека никогаш не се недоверливи (65.3%) и дека никогаш не им е досадно (74.6%) за време на часовите; никогаш не се вчудоневидени (78,6%), често се изненадени (50.7%) и често се импресионирани (62.7%). Чувството на радост го прикажуваат преку постојано задоволство (77.3%), среќни се 66.7% и самоуверени 58.7% од учениците (Графикон 6.).
Кај учениците од 6 одделение ги добивме следниве резултати:

***Графикон 1.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 2.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 3.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 4.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 5.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 6.***




Извор: Истражување на авторите

Ова ни покажува дека кај учениците од 6 одделение (вкупно 74), 66.3% ретко се исплашени, 44.6% се загрижени и 42% често не се несигурни; често се вознемирени (47.3%), често се раздразливи (54%) и често се нетрпеливи (50.4%); ретко постои разочараност (50%), ретко се обесхрабрени (48.6%) и ретко се тажни (65.3%); постојано се уморни (64%), дека ретко се недоверливи (58.1%) и дека често им е досадно (44.6%) за време на часовите; никогаш не се вчудоневидени (41.9%), ретко се изненадени (40.5%) и ретко се импресионирани (43.2%); никогаш не се задоволни (27%), меѓутоа среќни постојано се 31.1 %, но и ретко се среќни 31.1% и самоуверени постојано се 48.6% од учениците (Графикон 6.).
Кај учениците од 9 одделение ги добивме следниве резултати:

***Графикон 1.***




Извор:

Истражување на авторите

***Графикон 2.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 3.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 4.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 5.***




Извор: Истражување на авторите

***Графикон 6.***




Извор: Истражување на авторите

Ова ни покажува дека кај учениците од 9 одделение (вкупно 754), 72.2% ретко се исплашени, 74.1%,ретко се загрижени и 66.7% ретко се несигурни (графикон 1); често се вознемирени (55,5%), често се раздразливи (55.5%) и често се нетрпеливи (66.7%); ретко постои разочараност (51.9%), ретко се обесхрабрени (57.4%) и ретко се тажни (40.7%); постојано се уморни (79.6%), ретко се недоверливи (25.9%) и постојано им е досадно (81.5%) за време на часовите; никогаш не се вчудоневидени (42.6%), ретко се изненадени (55.5%) и ретко се импресионирани (61.1%). Чувството на радост го прикажуваат преку тоа што ретко се задоволни (61.1%), среќни често се 42.6 % и самоуверени често се 57.4% од учениците (Графикон 6.).

## 5. ЗАКЛУЧОК

Кај учениците од петитет одделенија не постојат или во мала мера постојат негативните емоции на страв, гнев, тага и презир, а се изразени позтивните емоции на изненадување и радост. Учениците од шестите одделенија се загрижени, вознемирени, раздразливи и нетрпеливи, ретко се разочарани, обесхрабрени и тажни, постојано се уморни и им е досадно, ретко или никогаш се вчудоневидени, изненадени и импресионирани, но никогаш не се задоволни среќни се подеднакво ретко и постојано, но постојано се самоуверени. Ова ни покажува дека чувствата веќе се менуваат и преовладуваат негативните чувства. Кај учениците од деветтите одделенија ретко има чувство на страв, често се гневни, ретко се тажни, постојано се

уморни и им е досадно, ретко се изненадени и импресионирани и ретко задоволни, но често среќни и самоуверени. Кај овие ученици негативните и позитивните чувства се избалансирани. Заедничко чувство за сите ученици е дека се уморни, што претставува знак треба треба нешто да се менува во времетраењето на наставата во основните училишта.За појавата на негативните чувства влијае и видот на настава која е во најголем дел од часовите традиционална, како и барањата и очекувањата на наставниците за време на часовите. Кај учениците од петтите одделенија ги утврдивме позитивните емоционални чувства, а за тоа голема улога имаат одделенските наставници, воспоставените односи наставник – ученик и видот на наставата која што беше креативна и разновидна за секој час.

Сето ова укажува дека наставата, наставникот и врбалната комуникација меѓу учениците и наставниците влијаат врз емоциите кај учениците. Треба да се истражи кои фактори најмногу влијаат и во кој период. Како педагози треба да се осврнеме и на нашата воспитна улога, да го следиме емоционалниот развој кај учениците, да ги следиме нивните реакции и да се запрашаме што всушност ги мотивира и развива позитивните емоции кај учениците и кои се причините за негативните емоции кои ги покажуваат учениците.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Boelens, M., Smit, M.S., Raat, H., Bramer, W.M., & Jansen, W. (2022). Impact of organized activities on mental health in children and adolescents: An umbrella review. Preventive Medicine https://doi.org/10.1016/j.pmedr.2021.101687 Reports, 25,101687

Brackett, M. (2021). Pravo na osjećaje. Zagreb: Puls.

Chabot, D., Chabot, M. (2009). *Emocionalna pedagogija*. Zagreb. Educa.

Gao, X., & Zhang, Y. (2025). How do you feel during English class? Emotions and metacognition in primary school children learning English as a second language. *Metacognition and Learning*.

Helmane, I. (2019). Emotions of primary school pupils in mathematics lessons. *ResearchGate*.

Kolak, A. (2013) Emocionalne reakcije učenika vezane uz proces evaluacije. U: Orel, M., ur. Međunarodna konferencija EDUvision 2013: Sodobni pristopi poučevanja prihajajočih generacij. Ljubljana: Narodna in univerzitetna knjižnica, str. 138- 153.

Krebs, D. i Zvi, G. (2020). The Genius Hour Guidebook: Fostering Passion, Wonder, and Inquiry in the Classroom. CRC Press.

Nicolosi, S., Alba, M., & Pitrolo, C. (2023). Primary school teachers' emotions, implicit beliefs, and self-efficacy during the COVID-19 pandemic. *Frontiers in Sports and Active Living*, 4, Article number: 1064072.

Oatley, K. i Jenkins, J. M. (2003) Što je emocija?. U: Matešić, K. ur., Razumijevanje emocija. Jastrebarsko: Naklada Slap, str. 96-132.

Odak, I., Marušić, I., Matić Bojić, J., Puzić, S., Bakić, H., Eliasson, N., ... Veldin, M. (2023). Teachers' Social and Emotional Competencies: A Lever for Social and Emotional Learning in Schools. Sociologija i prostor, 61 (1 (226)), 105-122. Преземено од https://doi.org/10.5673/sip.61.1.5

Tošić Radev, M. i Pešikan, A. (2023). Efektivno podučavanje u zoni narednog razvoja učenika: Uloga emocija. Nastava i vaspitanje, 72(1), 43–57. https://doi.org/10.5937/nasvas2301043R